

# Специјализирана обука за судиите поротници

**Судија Лидија Мартинова,**

**Врховен суд на Република Северна Македонија**

# Специјализирана програма за судиите поротници

# Имплементација на Законот за парничната постапка

Принцип на зборност во судењето, поголема сигурност и правилност во одлучувањето.

Со одредбата од член 103 од Уставот на РСМ предвидено дека судот суди во совет, а со Закон се уредува кога суди судија поединец.

# Јавност на расправата пред второстепен суд

- Надлежност на советот да ја исклучи јавноста (член 293, став 1 и 2 од ЗПП )
- Советот одлучува со решение кое мора да биде образложено и јавно објавено
- Не се однесува на странките, нивните законски застапници, полномошниците и замешувачите
- За исклучување во семејни спорови, уредено и со Законот за семејството)

- Во парничната постапка судовите судат во совет.
- Со Закон, случаите во кои суди судија поединец.
- Во прв степен споровите ги суди совет или судија поединец.
- Кога суди во прв степен, составот е од еден судија професионалец како претседател на советот и двајца судии поротници.
- Во втор степен- на седница, судот одлучува во совет од тројца судии (член 37, став 1 од ЗПП)

- Член 37, став 2 – на расправа во втор степен
- Совет од двајца судии и тројца судии-поротници.
- Кога одлучува за ревизија, Врховниот суд на РСМ суди во совет од пет судии.

# Постапка пред второстепен суд

- По правило, без расправа (член 351, став 1 од ЗПП).
- Кога советот на седница најде дека заради правилно утврдување на фактичката состојба е потребно да се повторат веќе изведените докази, ќе закаже расправа.
- Член 351, став 3 од ЗПП - ако пресудата еднаш била укината.
- Состав на судот на расправата.

- Отстранување на законски пречки за учество на судија-поротник, изземање...( в. Член 343, став 2, точка 1 и 2 од ЗПП).
- Тек на расправата пред второстепен суд.
- Утврдување на претпоставки за одржување на расправата, надлежност на претседателот на советот
- Доколку се исполнети, расправата почнува со извештај на судијата- известител ( член 352, став 3)
- Содржина на записникот, само дека судијата известител јаизложил сосотојбата на работите, не и содржината на излагањето.
- Примена на одредби за главна расправа пред првостепен суд (од член 279 до 308).

- Наводи на странките/ полномошниците.
- Доказна постапка.
- Материјално управување со парницата.
- Поставувања на прашања на сведоци, вешти лица , ако се повикани на расправата пред второстепениот суд повторно, за сослушување.
- Редослед на поставување прашања ( член 283 од ЗПП)
- Обврски на претседателот на советот.
- Учество на судиите-поротници во поставување на прашањата.
- Завршни зборови, усно, на расправата (в. член 289 од ЗПП)

- Соопштување дека расправата е заклучена.
- Договарањето на членовите на советот за тоа дали предметот е доволно расправен може да се изврши и на самото заседание.
- Повлекување на советот заради донесување на одлука ( може веднаш по заклучување на расправата, ако предметот не е сложен, но и во посебно одреден дополнителен датум за советување кој треба да биде во рамките на законскиот рок за објавување на одлуката).
- Начин на гласање ( член 122 -124 од ЗПП)
- По советувањето и гласањето, советот донесува одлука која согласно член 324, став 4 од ЗПП ја објавува претседателот на советот . Можност за одлагање на донесување на одлуката за 8 дена кај посложени предмети.
- Можност расправата повторно да се отвори( в. Член 291 од ЗПП).

# Ви благодарам на вниманието!